**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ВИДЕОНАДЗОР ВО ПАРЛАМЕНТИТЕ

**- КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА -**

Изработила: Елена Величковска

јуни 2017 година

## ВОВЕД

Предмет на оваа анализа е видеонадзорот како и локациите на кои се извршува тој во парламентите на седум држави. За истражувањето се користени примарни извори, одговори од ЕЦПРД-мрежата од парламентите на државите анализирани во ова истражување, како и дополнителна литература.

За надгледување се користи широк асортиман на направи, вклучувајќи камери со подвижни слики, последователни камери, како и CCTV-монитори со видеокамери и дигитални камери.

Камерите за надзор се видеокамери кои се користат за следење и мониторирање на јавните и приватни простори особено со примена на телевизор во затворено коло (CCTV), и најчесто се поврзани со уред за снимање, IP-мрежа или ги гледа службеникот кој е задолжен по закон или член на обезбедувањето. Најголемиот фактор кој ја ограничува употребата на направите за набљудување е трошокот за инсталација и одржување.[1]

Од спроведената анализа се согледува дека во зависност од системот на државата различни одделенија или неколку единици во соработка имаат надлежност да одредат на кои локации во објектите на парламентите ќе се врши видео надзорот.

Според локациите на поставеност на камерите, видеонадзорот се спроведува на прилично ограничен број локации и тоа се најчесто локациите каде што јавноста доаѓа на турите низ парламентот, како на пример во центрите за посетители, галериите за посетителите и библиотеката достапна за јавноста (Канада). Во друг случај не се објавуваат јавно локациите каде се поставени камерите, туку се дел од план за физичка и техничка заштита на објектите (Црна Гора, Словенија). По периметарот на зградите и на влезовите, поставени се CCTV камери во парламентите на Република Италија и Естонија. Периодот на чување на податоците е најдолг во Црна Гора, а најкраток е периодот на чување во Република Австрија.

## I НАДЛЕЖНОСТ И ОДРЕДУВАЊЕ НА МЕСТАТА НА КОИ СЕ ВРШИ ВИДЕО НАДЗОР

Во ***Република Естонија*** инсталацијата на камерите се утврдува со административните служби од кабинетот на генералниот секретар на Парламентот на Естонија.[2] Камерите за надзор се инсталирани во пленарната сала и на балконите од салата, на влезовите, на вратата од гаражниот простор за автомобили и по периметарот на зградата.

[1] Фишер, Роберт Ј., Едвард Хлибозек и Гион Грин, *„Вовед во безбедноста“,* Арс Ламина ДОО, 2013, страна211

[2] Одговор на ЕЦПРД-прашалник со бр.1980 од Парламентот на Република Естонија

Комитетот за безбедност на Домот на пратениците, заедно со државната полиција ги одредува локациите на кои се поставуваат CCTV камерите во Парламентот на ***Република Италија***.[3] Видеонадзорот во овој парламент се врши на влезовите и по периметарот на зградите кои се во состав на парламентот.

Претседателот на Долниот дом (Националниот совет) на ***Република Австрија*** е највисокиот административен авторитет и тој е одговорен за видеонадзорот којшто се спроведува во администрацијата (зградите) на парламентот. Секторот за обезбедување го врши видеонадзорот во рамките на парламентарната администрација. Камерите за видеонадзор се поставени во центарот за посетители, галеријата за посетители во пленарната сала, на паркингот и на пултот за информации за посетители. Видеонадзорот се користи за околината на парламентот, но јавниот простор (тротоарите и улиците) не се опфатени во системот за видеонадзор на парламентот или доколку се снима, тоа е во невидлива форма, со затемнети (поцрнети) слики.

Одделението за безбедност на Парламентот на ***Кралството Данска*** има надлежност да ги одреди местата на кои ќе се врши видеонадзорот.[4] Камерите се инсталирани во пленарната сала, галеријата за посетители на пленарната сала, по коридорите но само на неколку одредени места има камери, во центарот за посетители и во дворниот простор на Парламентот, додека во ресторанските простории, на главните патишта низ Парламентот, просториите каде се одржуваат седниците на комисиите, канцелариите на пратениците и библиотеката, не се врши видео надзор. Дополнително, поставени се камери на влезот на кој се доставуваат пошта и пратки.

Во ***Канада*** има канцеларија за планирање на безбедноста, составена од претставници на безбедносните сили од Сенатот, од Долниот дом и од кралската канадска коњичка полиција. Инсталирани се камери во пленарната сала, центарот за посетители, галеријата за посетители на пленарната сала, по коридорите, главните патишта, во дворното место, во компјутерската соба и во ресторанот и библиотеката достапни за јавноста. Во канцелариите на пратениците, просториите каде се одржуваат седниците на комисиите, салите или просториите за состаноци, канцелариите и ресторанот кој се користи само од службата нема поставено камери.[5]

Физичката и техничка заштита на објектите кои припаѓаат на државните органи во ***Црна Гора***, мора да се направи во согласност со планот за безбедност, актот за организација и вршење на физичка заштита и проектот за техничка заштита, кои претставуваат деловна тајна, односно класифицирани информации во смисла на Законот за тајност на податоците. Министерството за внатрешни работи и полициска администрација го одобруваат проектот и планот за техничка заштита.[6]

---

[3] Одговор на ЕЦПРД-прашалник со бр.1980 од Парламентот на Република Италија
[4] Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парламентот на Кралството Данска
[5] Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парламентот на Канада
[6] Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парламентот на Црна Гора

## II ПРИСТАП ДО СНИМЕНИТЕ ПОДАТОЦИ

***Република Италија*** дозволува пристап до снимениот материјал по барање на судот.

Во ***Црна Гора*** повеќе лица имаат пристап до овие материјали: генералниот секретар, овластено лице од ИТ секторот и контролор за безбедност.

Пристапот до снимените податоци во ***Република Австрија*** е исклучиво дозволен за персоналот од одделот за безбедност и вообичаено се практикува само набљудување во реално време.[7] Евалуацијата/обработката на снимките од надзорот се случува во определени прилики. Законот пропишува дека секоја употреба на записите од видеонадзорот мора строго да се документира.

Во ***Република Естонија***, пристап до снимените податоци има претставник од административната служба од Кабинетот на генералниот секретар на Парламентот.

Пристапот до видеоснимките во ***Канада*** е крајно ограничен. Директорот на службата за безбедност и шефот на безбедносните операции имаат овластување да ги одобрат барањата за пристап до снимените податоци. Ваквите барања мора да бидат поднесени во писмена форма. Началникот може да ги побара снимените материјали за целите на внатрешна истрага, но тој не може да одобри пристап до снимените материјали по барање од надворешен подносител.

Единиците на Одделението за безбедност на Парламентот и полицијата во ***Кралството Данска*** имаат пристап до снимените податоци.

Генералниот секретар на Парламентот на ***Република Словенија*** има пристап до видео снимките од надзорот.

## III ПЕРИОД НА ЧУВАЊЕ НА СНИМЕНИОТ МАТЕРИЈАЛ

Во согласност со Законот за податоци на ***Република Австрија***, снимките од видеонадзорот треба да бидат избришани во рок од 72 часа. Подолго задржување на податоците е дозволено само во исклучителни случаи. Во администрацијата на Парламентот, податоците (сликите) се чуваат во период од 48 часа, по што на веќе снимените податоци се преснимуваат други видеоснимки на секој час.

Видеоснимките во Парламентот во ***Канада*** се чуваат најмалку 30 дена, а во одредени случаи тој период може да биде и подолг. Податоците можат да бидат пренесени на ДВД преку специјален софтвер. На ДВД се чува датотеката додека истрагата не е завршена.

Податоците од снимените материјали во ***Кралството Данска*** се чуваат 14 дена.

---
[7] Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парламентот на Република Австрија

Видеоснимките од надзорот во ***Црна Гора*** се чуваат на период не подолг од една година.

Во ***Република Словенија***, видеоматеријалот од надзорот во Парламентот се зачувува до 90 дена.

Снимките од видеонадзорот кој се врши во Парламентот во **Република Естонија** се чуваат за временски период од 30 дена.

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. Фишер, Роберт Ј., Едвард Хлибозек и Гион Грин, *„Вовед во безбедноста“,* Арс Ламина ДОО, 2013,

2. Одговор на ЕЦПРД-прашалник со бр.1980 од Парламентот на Република Естонија, на тема „CCTV-камери за надзор во националните парламенти“

3. Одговор на ЕЦПРД-прашалник со бр.1980 од Парламентот на Република Италија, на тема „CCTV-камери за надзор во националните парламенти“

4. Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парламентот на Канада, на тема „CCTV-камери за надзор во националните парламенти“

5. Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парлементот на Кралството Данска, на тема „CCTV-камери за надзор во националните парламенти“

6. Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од парламентот на Република Австрија, на тема „CCTV-камери за надзор во националните парламенти“

7. Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парламентот на Црна Гора, на тема „CCTV-камери за надзор во националните парламенти“

8.Одговор на ЕЦПРД-прашалник бр.1980 од Парламентот на Република Словенија на тема „CCTV-камери за надзор во националните парламенти“